**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 10 став 1 точка 8 алинеја 1 од Законот за градот Скопје ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04,158/11) а во врска со член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19,146/19, 275/19302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22) Советот на Град Скопје на ______________седница одржана на __________ 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите**
**во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје,**
**за 2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2022 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 16/21, 02/22 и 11/22) се вршат следните изменувања:

1) Во делот **III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА,** во **ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ - 1** *Остварување социјална заштита на лица со попреченост*, во главата Извори на средства, износот “82.400,000” се заменува со износот “72.400,000”.
2) Во делот **III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА,** во **ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ – 3** *Општествено вклучување и социјални услуги,* во главата Извори на средства,износот “34.060,000”, се заменува со износот “ 30.060,000”.
3) Во делот **III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА,** во **ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ – 3,** *Општествено вклучување и социјални услуги,* во главата Извори на средства се менува и гласи:
    - Поддршка на дневни центри за давање на услуги на лица со попреченост ( услуги и опремување) – 1.000,000 денари; и
    - Поддршка на домување за возрасни лица со попреченост – 1.000,000 денари

4) Во делот **IV.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,** износот од “129.910,000” се заменува со износот. „115.910.000“

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __
___ ноември 2022 godina
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески,с.р

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 утврдена е надлежноста на Советот. Согласно член 11 став 1 алинеја 7 од законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19,146/19,275/19,302/20, 311/20 и 163/21) за остварување на дејноста на социјална заштита, градот Скопје донесува годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјална заштита, во која се предвидуваат активности и средства за реализација на истите.

Измената на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2022 година донесена на третата седница на Советот на Град Скопје оддржана на 29.12.2021 година (*Службен гласник на Град Скопје бр. 16/21*) и Програмите за изменување и дополнување на Програмата за активности во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје за 2022 година оддржани на седница на Совет на Град Скопје на 24.02.2022 година (*Службен гласник на Град Скопје бр.2/22*) и 31.08.2022 година (*Службен гласник на Град Скопје бр.11/22)* е од следните причини:

- Средствата од Приоритетната цел I - *Остварување социјална заштита на лица со попреченост,* се намалува во износ од – 10.000,000 ден, од причини што: „Изведба, набавка, монтажа и пуштање во употреба на лифт“ и „Изградба на инклузивно игралиште за деца на јавен простор“, ќе се реализираат по завршување на првата фаза (добивање на основни проекти, кои се веќе во процедура). После завршување на јавната набавка за добивање на основен проект, односно на првата фаза од овој процес, следува втората фаза односно изградба и изведба која е планирана да се реализира во наредната 2023 год.
- Средствата од Приоритетна цел III *Општествено вклучување и социјални услуги,* во главата Извори на средства, се намалува износот за 4.000.000 денари.

Во точките останувaат следните суми:

- Поддршка на дневни центри за давање на услуги на лица со попреченост ( услуги и опремување) – 1.000,000 денари; и
- Поддршка на домување за возрасни лица со попреченост – 1.000,000 денари

Изминатиот период преземени се иницијативи и низа активности за нивно реализирање кои во наредниот период се планира да отпочнат со реализација. Поради комплексноста на процесот во изнаоѓање на простори за дневни центри за давање на услуги на лица со попреченост како и стамбени единици за домување на лица со попреченост со стручна поддршка, процесот ќе се одвива во повеќе фази односно подолг временски период потребен е за: обезбедување и опремување на простор, ангажирање и обука на соодветен стручен кадар кој ќе ги дава услугите во дневните центри, односно семејните единици итн.

Од тие причини, се предлага на Советот да ја донесе предложената **Програма за изменување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје,за 2022 година.**